**Република Северна Македонија**

**Министерство за внатрешни работи**

**Оддел за Европска унија и меѓународна соработка**

**Обраќање на**

**Помошник министер во Оддел за ЕУ и меѓународна соработка**

**г. Муамет Реџепи**

**на**

**Втор регионален преглед**

**на Глобалниот компакт за безбедна, уредна и регуларна миграција,**

**11 март 2024 година, Женева, Швајцарија**

Почитувани,

Дозволете ми на почетокот во мое лично име и во име на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија да се заблагодарам за можноста да се обратам на вториот Регионален

преглед на Глобалниот компакт за безбедна, уредна и регуларна миграција.

Надлежна организациска единица за спроведување на целите дефинирани со Глобалниот компакт за миграција во Министерството за внатрешни работи е Одделот за гранични работи и миграции, кој, како што кажува самото име, има надлежност во граничното работење и миграциите. Во изминатиот период, ОГРМ работеше на трансформирање, унапредување и подобрување на капацитетите за работа, во согласност со Шенгенските стандарди и размена на најдобрите европски пракси. Значајна помош добивме и од Европската комисија, која преку свои проекти и со експертска помош во голема мера ги поддржува и ги помага политиките за инвестирање и развој на капацитетите на институциите.

Од особено значење за работата на граничната полиција се донесените Резолуција за миграциската политика во Република Северна Македонија 2021-2025, Миграцискиот профил за Република Северна Македонија од 2021 изготвен и издаден од ИОМ, како и Стратегијата за НКЦГУ донесена во ноември 2022 година.

Резолуцијата за миграциската политика 2021-2025 година во својата содржина ги отсликува начелата на ГКМ, а особено во стратегиската област 3: *Управување со легалната миграција - Стратегиски цели* посветува значајно место на Политиката за доселување на странци и креирање на соодветна визна политика за олеснување на прием на дефицитарна работна сила во Република Северна Македонија; Унапредување на политиките за престој на странци и реадмисија на странци, визниот режим и визната политика, како и можностите за инклузија и социјална кохезија на странците (цел 16 од ГКМ), како и унапредување на воспоставениот

систем за азил и зголемување на неговата ефикасност и ефективност (цел 15 од ГКМ).

Како надополнување на рамката која ни ја даде новата Резолуција за миграциска политика се и Стандардните оперативни процедури, кои се навистина значајни документи за работата на граничната полиција, но и за останатите институции кои работат од обласа на миграциите. Во нив се содржани упатствата за постапување со непридружувани деца – странци и Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица-странци, документ кој сѐ уште е во работна верзија и не е усвоен. Ги издвојуваме и изготвените СОП за идентификација на мигранти, СОП за постапување со непридружувани деца - странци, СОП за постапување со ранлива категорија на лица – странци, СОП за жртви од трговија со луѓе како суштински напредок во работата на Граничната полиција.

Почитувани присутни,

Република Северна Македонија во континуитет ја негува билатералната и меѓународната соработка во обласа на миграциите, а останува посветена и за градење на нови партнерства. Како земја потписничка на Глобалниот договор за безбедна, уредена и редовна миграција Република Северна Македонија се стреми кон интензивирање на меѓународната соработка со цел заемна помош и поддршка во процесот на реализација на овој договор.

Важно е да се напомене дека Република Северна Македонија има воспоставено партнерства со Обединетите Нации и со други регионални и меѓународни организации при спроведувањето на целите на Глобалниот

компакт за миграции, и континуирано се обезбедува поддршка на државата во имплементација на истиот, преку зголемувањето на меѓународната и регионалната соработка, како и при имплементацијата на Агендата за оддржлив развој 2030.

Преку проектот „Регионална поддршка за управување со миграции насочено кон заштита на правата на мигрантите на Западен балкан и во Турција“, финансиран преку програмата ИПА 2, а имплементиран во партнерство помеѓу ИОМ, Фронтекс, ЕАСО и УНХЦР, е акцентирана регионалната соработка во насока на постигнување на безбедна, уредена и регуларна миграција. Проектот, преку предвидените активности придонесува кон постигнување на повеќе цели на ГКМ.

Неслучајно ги споменувам сите овие партнерства и соработка. Впрочем, токму градењето на овие партнерства ни помогна во напорите за спроведување на дел од целите на ГКМ. Република Северна Македонија, а особено Министерството за внатрешни работи останува посветено на спроведување на ГКМ, но и на подобрување на сите постапки во наша надлежност чија конечна цел е обезбедување на безбедна, уредна и регуларна миграција.

Ви благодарам за вниманието.